# ЗА ПРИЛЕП
# ГАРАНТИРАМЕ

7

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани, мои драги прилепчани,

На почетокот сакам да ви изразам огромна и искрена благодарност, за придонесот кој го дадовте во создавањето на оваа изборна програма, која слободно можам да ја наречам наша, заедничка програма, преку чии проекти и нивна реализација, ќе го вратиме Прилеп на вистинскиот пат.

Да се биде градоначалник на сограѓани од кои извираат идеи, конкретни решенија на проблеми и проекти кои значително ќе ги подобрат условите за живот во Прилеп, не е само предизвик, туку претставува и голема одговорност затоа што имаме иста, заедничка цел, а тоа е просперитет и напредок во сите области на нашиот град.

За жал, морам да кажам дека денес Прилеп поминува низ многу тежок период. Во изминатите четири години, сведоци сме на уништена економија, висока сиромаштија, чаршија со затворени дуќани, лоша патна инфраструктура. Сведоци сме како младите масовно се иселуваат, како криминалот е во пораст, спортот е уништен и руинирани се спортските објекти, уништени се зелените површини, како владее сообраќаен хаос поради недостиг на паркинг простор и како е загрозена животната средина.

Овие негативни последици ги чувствуваме сите. Токму затоа предизвикот да се биде градоначалник на сите граѓани, без разлика на партиска, национална, верска, социјална или полова припадност е уште поголем. Не само за да ја оправдам вашата доверба, туку со мојот тим и со ваша помош, да реализираме кон-

кретни проекти, со кои ќе ги подобриме условите за живот како за сегашните, така и за идните генерации. Преку взаемна соработка, почит, поддршка и многу работа, ќе оставиме дела кои ќе бидат општо корисни и вредни за паметење.

Мојата визија е Прилеп да биде повторно една од најубавите општини за живеење во Македонија, општина на задоволни и среќни граѓани, со квалитетни услуги, квалитетно образование, општина која ќе напредува со динамично темпо во сите области.

Таа, драги прилепчани е мојата, а убеден сум дека е и вашата визија! Токму таа заедничка визија, благодарение на вашата поддршка и помош, е претставена во оваа изборна програма, во која имате можност да ги прочитате решенијата, проектите и мерките со кои Прилеп заедно ќе го направиме подобро и попристојно место за живот.

Мора да го вратиме приматот на Прилеп, како најчист град во Република Македонија. Прилеп заслужува да биде поубав, поуреден и почист, од тоа што е сега! Ќе извршиме реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, ќе изградиме нови улици, патишта, тротоари, нови паркови, водоводна и канализациска мрежа. Ќе понудиме ефикасно решение за решавање на проблемот со паркинг и сообраќајниот хаос.

Подобрување на условите за живот во населените места кои спаѓаат под Општина Прилеп, ќе биде во фокусот на мојот мандат.

Почитувани мои сограѓани,

Во наредните четири години кои следуваат, ќе покажеме дека успесите се достижни и дека само со труд и чесна работа, се постигнуваат добри резултати. Соочени со предизвиците на новото време, ќе продолжиме заедно со создавање на нови дела и вредности, кои ќе бидат трајни и со сигурност ќе остават свој белег во времето. Со ваша помош и поддршка ќе продолжиме да чекориме по патот на успехот и ќе постигнеме нови достигнувања за сите нас, за нашите семејства, за нашиот Прилеп.

Токму затоа ја барам вашата поддршка, затоа што  убеден сум дека Вие сте тие, кои знаат да направат разлика ,Вие сте тие, кои знаат да ги препознаат вистинските вредности и чесните намери!

Ќе го вратиме Прилеп на вистинскиот пат. Прилеп повторно ќе биде развиена и напредна општина, општина со квалитетен и достоинствен живот за сите граѓани, општина со која сите ќе се гордееме!

Искрено Ваш, Д-р Борче Јовчески

# 2. КЛУЧНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП

- Бесплатен оброк за секој ученик до 4-то одделение;
- Гасификација – поврзување со примарната мрежа и изградба на секундарна гасоводна мрежа во Прилеп. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт, откако ќе се создадат услови, односно откако ќе биде изграден примарниот гасовод од страна на државата;
- Инфраструктурно доуредување на индустриските зони во Прилеп со цел забрзан локален економски развој на општината. (Металец, Прилеп 2 - Сточно пазариште);
- Детски градинки за вкупно 500 деца. Изградба на нова детска градинка, доизградба на започнатата детска градинка во населба Точила – Прилеп со претходна ревизија на изведените активности. Реконструкција на детската градинка во с. Тополчани;
- Комплетна реконструкција на влезовите во градот. Правецот Крушево - Прилеп и Македонски Брод – Прилеп со обележани сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки;
- Промена на режимот на сообраќај за тешки товарни возила (нова траса на движење која нема да го засегнува градското подрачје);
- Доизградба на кружни текови. Кружен тек Табана, кај Тинекс, кај Нова автобуска станица и разработување на техничка документација за кружен тек кај Градска кафеана;
- Уредување на речното корито во потег од мостот кај касарните до вливот во градската река. Изработка на проекти за мини пречистителни станици, како предуслов за добивање чист воден тект и средување на кејот на градската река.
- Користење на обновливите извори на енергија. На сите објекти во надлежност на Локалната самоуправа ќе бидат поставени фотоволтаични панели за производство на електрична енергија. ( производство на сопствена електрична енергија);
- Монтажни катни гаражи помеѓу општинската зграда и поштата, позади пицерија „Леоне“;
- Доизградба на Плоштадот „Методија Андонов – Ченто“ од Споменикот на „Пеце Атанасовски“ до ОУ„ Кочо Рацин“;
- Реконструкција на уништените паркови и спортски терени и изградба на нови;

- Изградба на Затворен пливачки базен;
- Субвенции за клима уреди, субвенции за грејни тела на пелети, субвенции за велосипеди;
- Изградба на парк за миленици;
- Реконструкција на Старата градска чаршија;
- Доизградба и пуштање во употреба на фабрика за отпад;
- Решавање на проблемите на водоснабдувањето во с. Канатларци;
- Изградба на канализациска мрежа во с. Ново Лагово;
- Доизградба на канализациска мрежа во с. Мало Коњари и с. Големо Коњари;
- Враќање на градската инфраструктура назад на граѓаните, односно оспособување и ослободување на тротоарите за движење на пешаците со изработка на проекти за реконструкција и изградба на велоспидески патеки со кои би се овозможило намалување на загадувањето на воздухот и сообраќајните гужви во центарот на градот.

# ТОП 3 ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

## 1. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАД „АЛЕКСАНДРИЈА“

и плоштадот пред Дом на култура “Марко Цепенков“ (промена на оштетени плочки, промена на оштетени канделабри и освежување на зелени површини со засадување на цвеќиња и ново зеленило) и реконструкција на Афмитеатарот во Варош;

## 2. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНИ ФОНТАНИ

промена на оштетени светилки и оштетени прскалки и реконструкција на постојни паркови во центарот на градот и приградските населби, како и во  и населените места (парк Суд, парк Варош, парк Точила,  паркови во Мало и Големо Коњари;

## 3. ОБНОВУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИ ДРВОРЕДИ ВО ГРАДОТ СО ДОСАДУВАЊЕ НА НОВИ САДНИЦИ И ПОВРШИНИ СО ЗЕЛЕНИЛО.

# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализација на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија, е пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт, преку која нивните потреби треба да бидат задоволени, согласно можностите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа, која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Соработката со централната власт и меѓуопштинската соработка се значајни инструменти за поголем развој на општините и надминување на сопствените можности. Токму затоа е значајно, за инвестициите кои се над финансиските можности на општината, да постојат добро изработени проекти со кои ќе се аплицира пред централната власт и меѓународните финансиски институции.

Воедно, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да соработуваат, со цел да ги исполнат очекувањата на граѓаните. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави, придонеува подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектните средства кои ги нудат ЕУ, Светска банка и други меѓународни партнери, се моќна алатка за

реализација на значајни проекти. Пример за тоа се средствата од ЕУ и ИПА фондовите, при што општините се клучни субјекти во процесот на користење на овие средства.

На следните страници од мојата програма, почитувани сограѓани можете да ги прочитате предлог-проектите кои Ви ги нудам како градоначалник од ВМРО ДПМНЕ,  а кои сметам дека вистински ќе придонесат за развојот и просперитетот на Општина Прилеп.



# 4. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ, локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис-секторот за остварување на интересите на граѓаните.

За да се оствари повисок економски раст, главниот импулс мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде продуктивни нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Со проектите во оваа програма ќе овозможиме поттикнување на економскиот и општествениот развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ГАСИФИКАЦИЈА

Изготвување на документација за секундарна мрежа за воведување на гасоводот и приклучување на примарната гасоводна мрежа. Основање на јавно претпријатие за гасификација, достава и продажба на гас до домаќинствата и правните субјекти. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт, откако ќе се создадат услови, односно откако ќе биде изградена примарната мрежа од страна на државата;

## ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ИЗРАБОТЕНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА ПРИЛЕП 4 И ПРИЛЕП 5.

На овој начин ќе се овозможи уредување на нови парцели за изградба на нови објекти,со што ќе се овозможи повисок економски развој и отварање на нови работни места;

## ПРОДАЖБА НА НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ;

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНАТА НАСЕЛБА „ГРАДИНА“ (ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ТИПСКИТЕ КУЌИ).

Ќе го продолжиме овој проект кој досегашната локална власт на СДСМ го запре, заради неговото значење за иднината на многу млади луѓе и семејства од општина Прилеп;

- **ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОМУНАЛИИ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ ПРИ ИЗГРАДБА НА СЕМЕЈНА КУЌА ВО НАСЕЛБА ГРАДИНА;**

- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА САЕМ ЗА МЕРМЕР**

Имајќи го во предвид фактот дека Прилеп е град кој буквално лежи на мермер, ќе организираме во нашиот град Саем на мермер од меѓународен карактер. Истиот ќе помогне за привлекување на повеќе потрошувачи и инвестиции во овој сегмент;

- **ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ**

во кој учествуваат претставници на Стопанските комори во Прилеп и Занаетчиската комора.

Оддржување на состаноци еднаш месечно со градоначалникот на Прилеп, директорите на јавните претпријатија од градот, и најважните државни институции, со цел да се решаваат проблемите и да се разменуваат идеи за побрз економки развој на општината;

## ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Ќе го стимулираме развојот на постојните мали и средни бизниси и ќе создадеме услови за отворање на нови. Администрацијата во локалната самоуправа ќе биде целосно на располагање во рамки на свои надлежности. Во најбрзо можно време ќе се овозможи електронски проток на документи во сите сектори и одделенија на општината, со цел побрзо услужување на граѓаните на Прилеп. Ќе организираме обуки и работилници, на кои малите и средните фирми од Општина Прилеп ќе се едуцираат за применување современи методи и алатки, за да го подобрат своето работење и конкурентност. Согласно со можностите на општината и во соработка со донатори ќе обезбедиме средства за настап на бизнис-саеми на фирмите кои имаат најголем потенцијал за раст. Со тоа ќе придонесеме за подинамичен развој на малите и на средните претпријатија, бидејќи тие имаат потенцијал да креираат голем број нови работни места.



# 5. УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

- Во 2022 година ќе започнеме со изработка на нов ГУП на Општина Прилеп;
- Интензивна изработка на нови ДУП и дополнување на старите ДУП - ови., со посебно внимание на индустриските зони;
- Ќе бидат доработени урбанистички планови населени места (општи акти);
- Во деловите кои се покриени со ДУП-ови, изградба на инфраструктурни коридори. Развој на градежништвото. Продажба на неизградено градежно земјиште, јакнење на буџетот на општината, а истовремено овозможување на граѓаните полесно да дојдат до сопствен дом;
- Стопирање на изградба на дивоградби и намалување на негативните ефекти предизвикани од нив;
- Изработка на проекти и изградба на потпорни ѕидови во УЗ каде е потребно.



# 6. ЖИВОТНА СРЕДИНА

- **ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА ФАБРИКА ЗА СОБИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАД:**

  Пред 4 години проектот е започнат од ЈП Комуналец – Прилеп. Од страна на досегашната власт на СДСМ проектот беше стопиран. Со промената на власта, веднаш ќе се пристапи кон доизградба, ставање во фукнција на веќе набавената машина од страна на ЈП Комуналец – Прилеп за компостирање на отпад и пуштање во употреба на фабриката;

- **САНИРАЊЕ НА ДЕПОНИЈАТА ВО АЛИНЦИ И РЕШАВАЊЕ НА ОВОЈ ДЕЦЕНИСКИ ПРОБЛЕМ:**

  После 15 години, во владеењето на СДСМ депонијата почна повторно да чади. Итно решавање на овој проблем и зазеленување на истата;

- **ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН ПРИЛЕП:**

  Користење на обновливите извори на енергија. На сите објекти во надлежност на Локалната самоуправа ќе бидат поставени фотоволтаични панели за производство на електрична енергија (производство на сопствена електрична енергија) и замена на начинот на затоплување на истите објекти;

- **ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО УЗ КОИ НЕМААТ.**

  Ревизија и санација на постоечки канали кои се влеваат во градската река со изградба на мини прочистителни станици;

- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО ГРАДОТ;**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ КОНТЕЈНЕРИ ВО ГРАДОТ, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА НАСЕЛБА ТРИЗЛА, КАКО И ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА;**
- **ОБНОВУВАЊЕ НА ДРВОРЕДИТЕ ВО ГРАДОТ. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ ФОНД;**

- **2.000 НОВИ САДНИЦИ СЕКОЈА ГОДИНА ВО ГРАДОТ И ОКОЛИНАТА СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ИЗЛЕТНИЧКИТЕ МЕСТА И ЗОНИ КОИ ШТО ГРАЃАНИТЕ ГИ ПОСЕТУВААТ;**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ЗА ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА И ЛИМЕНКИ;**
- **СУБВЕНЦИИ ЗА КЛИМА УРЕДИ И СУБВЕНЦИИ ЗА ГРЕЈНИ ТЕЛА НА ПЕЛЕТИ.**



# 7. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Комплетна реконструкција на влезовите во градот. Правецот Крушево - Прилеп и Македонски Брод – Прилеп со обележани сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки;
- Промена на режимот на сообраќај за тешки товарни возила (нова траса на движење која нема да го засегнува градското подрачје);
- Доизградба на кружни текови. Кружен тек Табана, кај Тинекс, кај Нова автобуска станица и разработување на техничка документација за кружен тек кај Градска кафеана;
- Изработка на студија за сообраќајот на град Прилеп;
- Набавка на 10 патнички комбиња (или помали превозни средства) кои ќе имаат пристап до сите делови на општината;
- Асфалтирање на улиците, кои во овој момент не се асфалтирани, како во градот така и во населените места во Општина Прилеп;
- Изведба на улица „Победа“ (од влезот во градот од Скопје преку типската населба до касарните) со која што ќе намали протокот на возила преку центарот на градот;
- Тампонирање на полски патишта во населените места.

Новата локална власт во Прилеп веднаш ќе започне со изработка на проекти за изградба на улиците и реализација на истите. Таму каде што не се асфалтирани улиците, а дел од трасата на улицата е приватно земјиште, ќе се пристапи кон процес на експропријација за решавање на овие проблеми.

# 8. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДИ, УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ПЕШАЧКИ ЗОНИ, ПАРКОВИ И ФОНТАНИ

- Промена на оштетените канделабри, поставување на ново улично осветлување онаму каде што нема;
- Изработка на проект и постепено заменување на уличното осветлување со светилки на погон на обновливи извори на енергија;
- Реконструкција на плоштадот „Методија Андонов – Ченто“ на потег од споменик „Пеце Атанасоски“ до ОУ „Кочо Рацин“;
- Реконструкција на Старата градска чаршија. Целосна реконструкција на водовоната, одводната, електричната и кабелската мрежа која ќе биде подземна, како и целосно уредување на партерот;
- Реконструкција на плоштад „Александрија“ и плоштадот пред Дом на култура „Марко Цепенков“ (промена на оштетени плочки, промена на оштетени канделабри и освежување на зелени површини со засадување на цвеќиња и ново зеленило) и Реконструкција на Афмитеатарот во Варош);
- Реконструкција на постојни фонтани – промена на оштетени светилки и оштетени прскалки и ресконструкција на постојни паркови во центарот на градот и приградските населби ,како и  во населените места (парк Суд, парк Варош, парк Точила,  паркови во Мало и Големо Коњари);
- Реконструкција на плоштадот пред Дом на култура „Марко Цепенков“ како и Патеката на славните;
- Реконструкција на Амфитеатарот во Варош кој е целосно уништен во изминативе 4 години на владеење на СДСМ и негово повторно ставање во функција со органиирање на бројни настани;
- Реконструкција на уништените паркови и спортски терени и изградба на нови. Комплетна реконструкција, обновување и збогатување со нови содржини на Паркот на Револуцијата;
- Партерно уредување со паркови и зеленило во населба Точила околу

- К-згради;
- Поставување на автоматски системи за наводнување на парковите.

# 9. КОМУНАЛНА И ВОДОВОДНА МРЕЖА

- Целосно решавање на проблемот со водоснабување на с.Канатларци во првата година од мандатот;
- Продолжување на активности со реализација на проектите со фекална канализација во С.Мало Коњари, Големо Коњари и Канатларци;
- Изградба на канализација во с. Селце;
- Решавање на проблемот со водоснабдување во с. Лениште;
- Изградба на водовод за манастирот Трескавец. Проектот е готов (иако сегашната локална власт на СДСМ во Прилеп 4 години го чува во фиока). Веднаш ќе се пристапи кон изградбата;
- Изградба на мали акумулации во населените места во Прилеп, каде што постои потреба од техничка вода и напојување на стока;
- Со реконструкција на влезот од градот од Македонски Брод за Прилеп ќе се реши и проблемот со атмосферската канализација во населба Варош, како и водоснабдувањето на индустриската зона;
- Реконструкција и тековно оддржување на целата водоводна мрежа во Општина Прилеп;
- Целосно реконструирање на градските бунари во Прилеп со што ќе се добие поквалитетна вода од истите;
- Ќе направиме услови да ги намалиме сметките за вода и канализација кои ги добиваат граѓаните на Прилеп. РЕАЛНО ОСТВАРЛИВО!;
- Редовно чистење на одводни канали во населените места.



# 10. ОБРАЗОВАНИЕ

- **БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ:**

  Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист. Ова ќе биде значајна поддршка за стандардот на граѓаните на Општина Прилеп;

- **ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ И МУЛТИНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА**

  во училиштата ОУ „Рампо Левката“ и СОУ „Ристе Ристески Ричко“;

- **ИЗГРАДБА НА НОВА СПОРТСКА САЛА**

  во ОУ „Блаже Конески“;

- **АНГАЖИРАЊЕ НА АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ ПО БАРАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ;**

- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО ОУ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“;**

  Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт;

- **ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА И УЧИЛИШНИТЕ КАБИНЕТИ.**

  Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки;

- **ДООПРЕМУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКИТЕ СО ЛЕКТИРИ И ДРУГИ КОРИСНИ КНИГИ, РЕЧНИЦИ, ЕНЦИКЛОПЕДИИ И СЛИЧНО ВО СИТЕ ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА;**

- **СТИПЕНДИРАЊЕ И ЕДНОКРАТНИ НАГРАДИ ЗА УСПЕШНИ ОСНОВЦИ И СРЕДНОШКОЛЦИ.**



# 11. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Детски градинки за вкупно 500 деца. Изградба на нова детска градинка, доизградба на започнатата детска градинка во населба Точила – Прилеп со претходна ревизија на изведените активности. Реконструкција на детската градинка во с. Тополчани;
- Подрршка за изградба на нови приватни старски домови;
- Изработка на техничка документација за реконструкција и проширување на старскиот дом „Киро Крстески - Платник". Реконструкција на истиот и опремување во соработка со Министерство за труд и социјала;
- Овозможување на подобри услови за работа и функционирање во Центарот за деца со посебни потреби „Ѕуница", како и зголемување на кадарот на стручни вработени кои работат со тие деца;
- Обезбедување на униформа од страна на општината на децата од социјално загрозени семејства;
- Давање бесплатни услуги на стари, изнемоштени и болни лица. Вклучени ќе бидат волонтери кои ќе се грижат за околу 100 стари и изнемоштени лица кои воопшто немаат кој да се грижи за нив. Целта на волонтерите е да ги посетуваат овие лица 3 пати неделно, да им купуваат намирници, лекови, да им плаќаат сметки, да поразговараат со нив. Овој проект ќе го реализира Домот за стари лица „Киро Крстески– Платник" Прилеп, а ќе биде поддржан и финансиран од Општина Прилеп;
- Субвенционирање на помагала на лица со хендикеп и посебни потреби;
- Обезбедување на услови за движење на лицата со хендикеп во јавните институции кои се во надлежност на локалната самоуправа;
- Бесплатен градски превоз за сите средношколци и пензионери со минимална пензија;
- Доделување на еднократна парична помош во висина од 6.000 ден. на секое семејство за новородено дете во општината.



# 12. СПОРТ

- Изградба на Затворен пливачки базен;
- Поддршка на младите во спортот, со субвенционирање на опрема на младинските спортски клубови;
- Поддршка и унапредување на алтернативните спортови во градот;
- Субвенции за велосипеди;
- Реконструкција на спортските терени во склоп на Могилата на непобедените;
- Реконструкција на фудбалскиот стадион „Металец“ со придружните објекти за тренинзи на професионалните екипи од градот и играње на помладите категории на фудбалери;
- Нова ограда и реконструкција на соблекувални во с.Големо Коњари како и рехабилитација на стадионот во с.Тополчани;
- Поддршка на фудбалскиот клуб Победа – Прилеп и Ракометниот клуб Прилеп;
- Заедно со спортистите и Прилепчани ќе се бориме Прилеп повторно да биде најспортскиот град во Македонија.

# 13. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Зголемување на бројот на вработени медицински лица во старскиот дом „Киро Крстески – Платник“ - иницијатива до централната власт;
- Набавка на колоноскоп - Иницијатива до централната власт, со што ќе се овозможи редовен скрининг на населението на Општина Прилеп.



# 14. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура. Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО – ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство, а во тој контекст нашата Општина Прилеп се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ние ќе настојуваме, нашата општина да биде пошироко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување, преку негување и поддршка на традиционалните и современи вредности на селата од Општината, како и презентација на културата во странство.

Во делот на инфраструктурата кај објектите од областа на културата ќе бидат превземени следните активности:

- **ОБНОВУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ ОРКЕСТАР ВО ПРИЛЕП. ЌЕ ОБЕЗБЕДИМЕ ПРОСТОР ЗА ПРОБИ И РЕПЕТИЦИИ;**
- **ПОДДРШКА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ ВО ПРИЛЕП ПРЕКУ:**

  - Анализа на туристичките потреби и изработка на стратегија за културен туризам;
  - Создавање на туристички мапи и културни рути;
  - Збогатување на археолошките локалитети со пропратни едукативни содржини со цел обезбедување на поголема туристичка понуда и одржлив развој (летни сцени, работилници, сувенирници);
  - Поттикнување на развојот на алтернативни видови на туризам;
  - Изработка на промотивни материјали од областа на културниот туризам;
  - Меѓународна и билатерална соработка во областа на културниот туризам;
  - Едукација и тренинг обуки за туристички проекти;
  - Субвенции за разни туристички манифестации и форуми;
  - Организирање на настани од областа на културниот и спортски туризам, како што се следниве:

## МАНАСТИРСКИ - КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ

- Во рамки на културниот туризам актуелизирање и промовирање на бројните манастири кои се на територијата на Општина Прилеп, како и локалитетот Маркови кули и археолошките локалитети со кои располага Прилеп;

## KRALI MARKO TRAIL

меѓународен натпревар во планинско трчање; MARIOVO off road experience – велосипедска тура и камп; Prilep OPEN- меѓународен параглајдинг куп; Storm riders- мото крос натпревар на Арена Лагово; OFF ROAD Prilep- меѓународен натпревар со теренски возила; Car Show-изложба на ретро автомобили;Тура Преку Слива-велосипедска тура; Krali Marko boulder festival –натпревар во болдеринг; Downhill race Toptash- велосипедски натпревар; Сите на велосипед- вело настан; Пеце Атанасовски - натпревар во ориентација;

## ИЗРАБОТКА НА ВЕБ СТРАНА

на која секој граѓанин на Македонија и посетител од странство ќе добива информации за културно - археолошки локалитети со кои располага Прилеп,а кои можат да се посетат. Бројните манастири кои се на територијата на Општина Прилеп, со што ќе го развиваме манастирскиот и културен туризам,а воедно ќе има и информации за културното наследство со кое располага нашата општина, као и за бројните културни манифестации кои ќе се оддржуваат во Општина Прилеп;

## ЌЕ ГИ АКТУЕЛИЗИРАМЕ

Спомен куќата на Народниот херој „Кузман Јосифоски – Питу“, Меморијалниот музеј „11 - Октомври“ - Участак, промоција на Музејот за тутун – единствен на Балканот;

## ПОДДРШКА И СТИМУЛАЦИЈА НА СОВРЕМЕНОТО МУЗИЧКО, ДРАМСКО, ЛИКОВНО, ФИЛМСКО И КНИЖЕВНО ТВОРЕШТВО ПРЕКУ:

- Распишување на конкурси;
- Помагање во издаваштво и промоции на книги на прилепски автори;
- Обезбедување на гостување на изложби и ансамбли низ градовите на Македонија;

- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА САЕМ НА КНИГА ВО ПРИЛЕП.**
- **КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛИ ОД ДРЖАВЕН И МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР:**
  - Фестивал Војдан Чернодрински - национален театарски фестивал
  - Меѓународен карневал „Прочка";
  - Фестивал „Пеце Атанасовски";
  - Мариовско - Мегленски културни средби;
  - Интернационален детски музички фестивал Ѕведички;
  - Прилеп Џез викенд.
- **УМЕТНИЧКО ЛЕТО**

  ликовна колонија, учество на интернационални ликовни работилници;
- **ОБНОВУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ НА ПИВОТО;**
- **ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ КОИ СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА:**
  - Поетско Маркукуле, Денови на Крали Марко, Меѓународен ден на Роми, Фестивал Силјан Штркот, Прилепски заговор;
- **ГОДИШНИ КОНЦЕРТИ И ПЕРФОРМАНСИ НА ТАНЦОВИ ГРУПИ;**
- **КОНЦЕРТИ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА;**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ ЗА ПРВ ПАТ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН СИМПОЗИУМ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ**

  сликарство и склуптура кој ќе го носи името на прилепскиот уметник, еден од основоположниците на македонската современа уметност и основоположник на прилепската колонија - Ристо Лозаноски.
- **ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА**
  - Обновување на библиотечниот фонд.Овозможување на читателите да имаат пристап до најновата македонска и светска литература. Дигитализација на градската библиотека „Борка - Талески Прилеп".



# 15. ЗЕМЈОДЕЛИЕ

- Проектирање и изведба на поила и микро-акумулации за сточниот фонд во населените места;
- Средување на пристапните патишта до земјоделските површини (тампонирање и оддржување);
- Формирање на стручно тело за развој и реализација на ЕУ проекти за земјоделство и рурални средини;
- Формирање на стручно тело од локални и меѓународни експерти, кои ќе имаат за цел да ги идентификуваат сите потенцијални извори на финансирање на проекти од страна на Европската унија и да развијат проекти кои ќе овозможат развој на земјоделството и агро - бизнисот во општината. Посебен акцент на оваа служба ќе биде да ги идентификува, подготви и анимира сите релевантни ентитети (фарми, компании, невладини организации) кои можат да придонесат за подготовка и реализација на економски и други општествени корисни проекти за развој на земјоделие и руралните средини. Оваа служба посебен акцент ќе стави на неколку сфери на делување и тоа осовременување на земјоделското производство и зајакнување на конкурентноста;
- Формирање на партнерски и консултативен однос со сите земјоделци на територијата на општина Прилеп, со нудење на услугите со кои може да се повика локалната самоуправа.

# 16. ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ЗА СОРАБОТКА, РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

## 16.1. ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР НА ЛОКАЛНО НИВО

- Обезбедување на транспарентна постапка за доделување на средства за **проекти**, и средства за **програмското работење** од буџетот на ЛС за здруженија на граѓани која вклучува:
  - Измена на Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства на Буџетот на Општина Прилеп, (Сл.Гласник на општина Прилеп бр. 4/2009) со активно вклучување на претставници на граѓанските организации;
  - Формирање на комисија со учество на претставници на граѓански организации избрани со јавен повик.
- Обезбедување на средства за ко-финансирање на проекти на граѓанските организации кои спроведуваат проекти кои се од интерес на граѓаните од општината.

## 16.2. ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР КАКО ЧИНИТЕЛ ВО СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

- Формирање на Локален економско-социјален совет со поддршка од граѓанските организации, синдикатите и работодавачите на локално ниво;
- Промовирање и поттикнување на добри практики за соработка со граѓанските организации на локално ниво;
- Отварање и менџирање на Младински центар во Прилеп;
- Промовирање на здрави спортски навики.
- Поддршка на еколошките здруженија преку јакнење на еколошката свест и заштита на животната средина;

- Подршка на здруженија на граѓани кои работат во полето на новонастанатата ситуација со ковид 19:
    - Превенција на преносливост од КОВИД 19;
    - Помагање во процесот на повторно враќање во социо - економскиот живот на лица во пост-ковид перидот;
    - Поттикнување на волонтерсво, едукативни излагања на волонтери за превенција од ковид 19 и други заразни и преносливи болести.

# 17. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со други нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Ќе продолжиме со збогатување и продлабочување на контактите со нашите збратимени општини;
- Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и продолжување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини;
- Општина Прилеп и во следните четири години активно ќе учествува со апликации во проекти од ИПА и Програмата за прекугранична соработка;
- Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*